РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
Бр. 0101-14083/1
24-10-2019 год.
СКОПЈЕ

Синдикат на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија - УПОЗ
Бр. 0101-452/1
24-10-2019 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 3 и член 24 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018) член 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018), член 203 и член 219 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/2005, 106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019), член 6, член 15, член 19 и член 22 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр.55/2013, 41/14, 115/14, 116/15, 153/15, 192/15, 61/16, 172/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 124/19) и член 5 од Општиот колективен договор за јавниот сектор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.10/2008 и 85/2009), Агенцијата за катастар на недвижности, Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Македонија и репрезентативниот Синдикат на Агенцијата за катастар на недвижности-Синдикатот на УПОЗ при Агенцијата за катастар на недвижности склучија

# КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР
## за вработените во Агенција за катастар на недвижности

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој колективен договор се уредуваат статусот, правата, обврските и одговорностите од работен однос на вработените и работодавецот, обемот и начинот на нивното остварување и други прашања од интерес за вработените и работодавецот, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните односи.

### Член 2

(1)Работодавец во смисла на овој колективен договор е Агенцијата за катастар на недвижности (во натамошниот текст: АКН) претставувана од директорот.

(2) Синдикатот во смисла на овој колективен договор е Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на

Република Северна Македонија и репрезентативниот Синдикат на Агенцијата за катастар на недвижности-Синдикатот на УПОЗ при АКН (во понатамошниот текст: Синдикат).

**Член 3**

(1) Вработен во смисла на овој колективен договор е лице кое засновало работен однос на неопределено време во АКН, и тоа:

- државен службеник; и
- помошно-техничко лице.

(2) Вработен во смисла на овој колективен договор е лице кое засновало работен однос на определено време во АКН.

**Член 4**

Овој колективен договор се применува непосредно и е задолжителен за сите вработени во АКН.

**Член 5**

Со овој колективен договор можат да се утврдат поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи, Законот за катастар на недвижности, друг закон и Општиот колективен договор за јавниот сектор или друг колективен договор кои не се предвидени со наведените акти, ако тоа не е спротивно со закон.

## II. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### II.1. Вработување

**Член 6**

(1) Вработените во АКН го засноваат работниот однос со склучување договор за вработување/решение за распоредување и определување плата за државниот службеник.

(2) Договор за вработување, односно решение за распоредување и определување плата за државниот службеник, се склучува односно се донесува на неопределено време со полно работно време, односно неполно работно време.

(3) По исклучок АКН може да склучи договор, односно да донесе решение за распоредување и определување плата за државниот службеник на определено време, со полно, односно неполно работно време, под условите и на начинот уредени во Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работни односи и Законот за катастар на недвижности.

(4) Вработувањето во АКН се врши согласно со општите начела за вработените во јавниот сектор, класификацијата на работните места според групите и подгрупите на работни места и категориите и нивоата на работните места во јавниот сектор уредени во Законот за вработените во јавниот сектор, каталогот на работните места во јавниот сектор и актот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

## Член 7

(1) Пополнувањето на работно место на државните службеници се врши преку спроведување постапка за:
- вработување;
- унапредување;
- мобилност преку распоредување или преземање, под условите и на начинот утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за катастар на недвижности, друг закон и актот за систематизација на работни места на работодавецот.

(2) Вработените кои извршуваат и помошно-технички работи во АКН се вработуваат согласно со постапката за вработување во Законот за работните односи и овој колективен договор.

# III. Права на вработените и нивна положба

## III.1. Работно време

## Член 8

(1) Работното време во АКН согласно со потребите на службата може да биде флексибилно во однос на почнувањето и завршувањето на работното време за вработените.

(2) Работното време на вработените во АКН започнува од 7:30 до 8:30 часот, а завршува од 15:30 до 16:30 часот.

(3) Исклучок од работното време во ставот (2) на овој член претставува одлуката за работа во смени.

## Прекувремена работа

### Член 9

(1) Секоја работа што се остварува во текот на работната недела, а изнесува повеќе од 40 работни часови, се смета за прекувремена. Прекувремената работа на неделно ниво не може да трае подолго од 8 часа неделно и 190 часа на годишно ниво.

(2) Прекувремената работа, скратеното работно време, дополнителното работење и забраната за вршење работа подолго од полното работно време на вработените во АКН на неделно и на годишно ниво може да трае најмногу за времето и во случаите уредени со Законот за работните односи и Законот за административни службеници.

## Работа во неработни денови

### Член 10

(1) Работата во деновите кои се неработни согласно со закон, може да се предвиди само во случај на виша сила и зголемен обем на работа.

(2) Работата во неработни денови во случај на зголемен обем на работа на вработените се најавува однапред.

## III.2. Паузи, одмори и отсуства

### Член 11

(1) Вработениот има право на пауза во текот на дневното работно време, одмори (дневен, неделен и годишен) и отсуства од работа согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и овој колективен договор.

(2) Вработениот има право на пауза во текот на дневното работно време во траење од 30 минути што не може да се утврди на почетокот и на крајот на работното време.

(3) Во организациските единици на АКН во кои според карактерот и природата на работата не се дозволува прекин на работата, како и во услови на работа со странки, паузата се организира на начин кој обезбедува работата да не се прекинува, со нејзино наизменично користење од страна на вработените.

(4) Времето за користење на паузата се засметува во работното време.

(5) Вработените во текот на месецот можат да имаат отсуство без да бидат санкционирани од работодавецот, најмногу до 5 часа во текот на еден месец.

## Член 12

(1) Вработениот има право на дневен одмор меѓу два последователни работни дена во траење од најмалку 12 часа непрекинато.

(2) Вработениот има право на неделен одмор од најмалку 24 часа непрекинато, а ако е неопходно да работи на денот на својот неделен одмор, мора да му се обезбеди одмор во текот на наредната работна недела или да се исплати соодветен надоместок.

(3) Ден за неделен одмор е недела или друг ден во неделата доколку така налагаат работните обврски и потребите на АКН.

## Член 13

(1) Вработениот во текот на една календарска година има право на платен годишен одмор во траење од најмалку 20 дена кој според времето поминато во работен однос, условите за работа и други критериуми утврдени со колективен договор може да се продолжи до 26 работни дена.

(2) Вработениот, повозрасен од 57 години жена и 59 години маж, инвалид, работник со најмалку 60 % телесно оштетување и работник кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток има право на уште 3 (три) работни дена годишен одмор.

(3) Вработениот кој за прв пат заснова работен однос се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа од најмалку шест месеци кај ист работодавец, без оглед на тоа дали работи полно работно време или пократко работно време од полното.

(4) Доколку вработениот во календарската година не се стекнал со правото на целосен годишен одмор, има право на пропорционален дел на годишниот одмор по 2 дена за секој одработен месец.

## Член 14

(1) Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.

(2) Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со АКН, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.

(3) АКН е должна на вработениот да му обезбеди искористување на две непрекинати работни недели годишен одмор до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни идната година.

(4) Годишниот одмор се користи земајќи ги предвид потребите на работниот процес, како и можностите за одмор и рекреација на вработениот водејќи сметка за неговите семејни обврски.

(5) Вработениот има право два дена од годишниот одмор да ги искористи во денови коишто самиот ќе ги определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, при што мора да го извести работодавецот најдоцна три работни дена пред користењето.

### Член 15

(1) Должината на годишниот одмор на вработениот преку минимумот од 20 работни дена се утврдува врз основа на следните критериуми:

- работен стаж;
- образование; и
- социјални и здравствени услови.

1) Вработените по основ на работен стаж имаат право на годишен одмор, и тоа:

- од 1 до 10 години работен стаж ..........................................1 работен ден;
- од 10 до 15 години работен стаж .................................... 2 работни дена;
- од 15 до 20 години работен стаж ....................................... 3 работни дена;
- од 20 до 25 години работен стаж ..........................................4 работни дена;
- преку 25 години работен стаж ...............................................5 работни дена.

2) На вработените по основ на образование им припаѓа годишен одмор за:

- од I до III степен образование......................................................1 работен ден;
- од IV до V степен образование.....................................................2 работни дена;
- од VI степен образование...............................................................3 работни дена;
- со 180 или 240 кредити според ЕКТС или VII/1 степен ...4 работни дена.

3) На вработените по основ на социјални и здравствени услови им припаѓа годишен одмор за:

- родител или старател со дете до 7 години .......................................1 работен ден;
- самохран родител или старател со дете до 7 години .................2 работни дена;
-самохран родител или старател со дете со посебни потреби..........................................................................................................................3 работни дена.

(2) Во работниот стаж од став (1), точка 1) на овој член се засметува и времето кое го поминал вработениот на работа кај друг работодавец.

### Член 16

Должината на годишниот одмор се утврдува така што на 20 работни дена се додаваат деновите од членот 15 на овој колективен договор, но должината на годишниот одмор не може да го надмине максимумот од 26 работни дена, освен во случаите уредени во член 13, став 2 на овој колективен договор.

**Член 17**

(1) Распоредот за користење на годишните одмори на вработените во АКН се утврдува врз основа на план за користење на годишните одмори кој го предлагаат раководителите на организациските единици во АКН, а го донесува директорот на АКН.

(2) Планот од став (1) на овој член се утврдува земајќи го предвид предлогот на вработениот водејќи сметка за непреченото извршување на работите во организациската единица.

(3) Решение за користење годишен одмор донесува директорот или од него овластено лице.

**Член 18**

(1) По потреба на службата, на вработениот може да му се прекине, односно одложи користењето на годишниот одмор само во случај на вонредна состојба.

(2) Ништовна е каква било спогодба со која вработениот би се откажал од правото на годишен одмор.

**Член 19**

(1) Вработениот има право на платен одмор заради лични и семејни околности, но не повеќе од седум работни дена збирно по сите основи од овој член во текот на календарската година, и тоа во следните случаи:

- за склучување брак........................................ 3 работни дена
- за склучување брак на деца........................................2 работни дена
- за раѓање или посвојување дете ........................................2 работни дена
- за раѓање или посвојување дете на син или ќерка (дедо-баба) ........................................1 работен ден
- за смрт на сопружник или дете........................................5 работни дена
- за смрт на родител, брат, сестра........................................2 работни дена
- за смрт на родител на сопружник........................................1 работен ден
- за смрт на дедо, баба или други крвни сродници................. 1 работен ден
- за здравствени потреби (прегледи за тешко болен брачен другар, дете, родител) ........................................5 работни дена
- за селидба на семејство од едно на друго место........................................2 работни дена
- за селидба на семејство во исто место........................................1 работен ден
- за прв училиштен ден на прваче........................................1 работен ден
- за полагање стручен или друг испит.. ........................................3 работни дена
- за елементарни непогоди ........................................5 работни дена
- за семеен/верски празник........................................1 работен ден

- за учество на членови на Синдикатот за синдикални активности (синдикални спортски игри, меѓународни спортски игри) платен одмор во зависност од времетраење на активноста, по доставен список на лица кои ќе учествуваат од страна на претседателот на Синдикатот.

(2) За случаите од став (1) на овој член, платениот одмор се користи во деновите на траењето на основот.

(3) Во барањето за користење платен одмор, вработениот е должен да го наведе основот од ставот (1) на овој член.

Член 20

Вработениот има право на отсуство од работа со надоместок на плата за време на празниците на Република Северна Македонија кои се определени како слободни денови од работа, согласно со Законот за празниците на Република Македонија.

Член 21

(1) Вработените доброволни дарители на крв имаат право на два слободни последователни работни дена за секое дарување крв.

(2) Слободните денови од став (1) на овој член се користат непосредно по денот на дарувањето крв или по барање на дарителот на крв, односно последователно најдоцна до крајот на наредниот месец по денот на дарување крв.

## Неплатено отсуство

Член 22

(1) Вработените имаат право на отсуство без надомест на плата и придонеси од плата, најдолго до 3 месеци во текот на една календарска година, во следните случаи:

- за нега на член на семејството;
- за неплатено родителско отсуство;
- за лекување на работникот или член на семејството;
- за изградба, доградба или поправка на куќа, односно стан;
- за учество на културни и спортски манифестации;
- за патување во странство;
- за подготовка на стручен испит;
- за учество на конгреси, конференции и слично за свои потреби; и
- за други неодложни работи.

(2) Во барањето за користење неплатено отсуство, вработениот е должен да го наведе и да го образложи основот од ставот (1) на овој член.

(3) Директорот донесува решение за отсуство на вработениот од став (1) на овој член најдоцна 15 дена пред користењето на неплатеното отсуство, по доставено

писмено барање од вработениот и мислење од непосредниот раководител на организациската единица во која работи вработениот.

(3) На вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос за време на неплатеното отсуство.

(4) Директорот може да го одбие барањето на вработениот ако отсуството неповолно се одразува на процесот на работата.

(5) Против решението од став (2) на овој член, вработениот кој е државен службеник има право на приговор до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, а вработениот кој е помошно-техничко лице до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од приемот на решението.

Член 23

(1) Вработениот може да отсуствува од работа без надомест на плата и придонеси од плата и во следните случаи:

- на стручно усовршување или образование во согласност и за потребите на АКН;
- ако е упатен во странство во рамките на меѓународно-техничка, просветно-културна и научна соработка;
- ако е упатен на работа во дипломатско и конзуларно претставништво во странство;
- ако е избран или именуван на државна или јавна функција утврдена со закон;
- ако е осуден на казна затвор до 6 месеци;
- ако му е изречена воспитна, заштитна или безбедносна мерка, а не може да ја врши работата за период пократок од шест месеци.

(2) На вработениот му мирува работниот однос во случаите од ставот (1), алинеи 1, 2, 3 и 4 на овој член и кога во странство е упатен и неговиот брачен другар.

Член 24

(1) За време на мирувањето на работниот однос мируваат договорните и други права, како и обврските од работниот однос коишто се непосредно поврзани со вршењето на работата.

(2) Вработениот има право и должност да се врати на работа во АКН за вршење работи кои одговараат на неговиот степен на стручна подготовка, најдоцна во рок од 15 дена од денот на престанувањето на причината за мирувањето на правата и обврските, при што престанува мирувањето на договорот.

## IV. Обврски на вработените

### Член 25

Вработениот е должен совесно да ја извршува својата работа на работното место за кое склучил договор за вработување/решение за распоредување и определување плата за државниот службеник, во време и на место коишто се определени за извршување на работите, почитувајќи ја организацијата и деловната активност на АКН, општите и посебните прописи за безбедност и здравје при работа и кодексот на административните службеници.

### Член 26

Вработениот е должен да врши и други работи и работни задачи кои не се содржани во описот на актот за систематизација на работните места на АКН, а се соодветни со неговите професионални квалификации и со работните компетенции врз основа на писмен акт од страна на АКН.

## V. Заштита и безбедност на вработените при работа

### Член 27

Безбедноста и здравјето при работа се регулира согласно со Законот за безбедност и здравје при работа, подзаконските акти кои произлегуваат од него и со овој колективен договор за сите вработени во АКН.

### Член 28

Со овој колективен договор АКН е должна да го обезбеди остварувањето на правото на вработените за безбедност и здравје при работа, непосредно или преку претседателот на Синдикатот, односно синдикалниот претставник на репрезентативниот Синдикат и претставникот на вработените за безбедност и здравје при работа, да учествуваат во утврдувањето на недостатоците и во подобрувањето на условите за работа и на работната средина.

### Член 29

(1) Вработените избираат 3 претставници од своите редови, на синдикален собир на репрезентативниот Синдикат или на собир на вработените.

(2) Претставниците од ставот (1) на овој член од своите редови избираат координатор.

(3) Основни начела кои мора да се почитуваат при изборот на претставници на работници за безбедност и здравје при работа:

- вработениот да е угледна личност во својата работна средина;
- вработениот да поседува комуникациски вештини.

(4) Изборот на претставници на вработени се верификува со записник од изборниот собир со кој задолжително се приложува список на работници со потпис кои учествувале во изборот на претставникот.

## Член 30

(1) Претставниците за безбедност и здравје при работа или нивните координатори задолжително учествуваат на состаноци со претставници од АКН и стручното лице за безбедност при работа во АКН на кои се разговара за безбедноста при работата.

(2) Претставниците имаат право:

-да ги обиколат работните места поради согледување на состојбата во врска со безбедноста при работа најмалку два пати годишно, а по потреба и повеќе пати во годината;

- да побара од работодавецот да преземе соодветни мерки и во таа насока да поднесува предлози со цел да се намалат опасностите за вработените и/или да се отстранат изворите на опасностите;

- да ја извести инспекцијата на трудот за нејзино посредување, да присуствува, да ги даде своите согледувања и да има увид во записникот составен од страна на инспекторот;

- да побара од работодавецот информации и да има пристап до изјавите за процена на безбедноста и извештаите што се обврска на работодавецот и други документи во врска со планирањето и уредувањето на безбедноста и здравјето при работа; и

- веднаш да бидат писмено известени од страна на работодавецот, а најдоцна во рок од 48 часа од настанот, за смртен случај, колективна несреќа и повреда при работа која предизвикува времена неспособност за работа во траење повеќе од три работни дена, како и за секоја појава која претставува непосредна опасност и ја загрозува безбедноста на вработените при работа.

**Член 31**

(1) АКН мора да им овозможи на претставниците на вработените, најмалку еднаш годишно, соодветни обуки кои ќе овозможат надградување на нивните знаењата во областа на безбедноста и здравјето при работа и сродни вештини кои ќе помогнат во извршувањето на нивните задачи како претставници.

(2) Обуките од ставот 1 на овој член може да ги организира АКН или Синдикатот, а трошоците за учество на обуките се на товар на АКН.

**Член 32**

Доколку претставниците на вработените за безбедност и здравје при работа во АКН не се чувствуваат доволно стручни да дадат мислење по изјавата за безбедноста и проценката на ризик, можат да побараат помош од Синдикатот на УПОЗ кој ќе им овозможи стручна помош од стручни лица од соодветната област.

**Член 33**

(1) Претставниците на вработените или нивниот координатор во АКН по секое нивно известување за повреда при работа во АКН имаат обврска информацијата да ја проследат во Синдикатот.

(2) АКН е должна да обезбеди услови потребни за безбедно извршување на работите и работните задачи на вработените преку примена на мерки, средства и методи во согласност со законот и другите прописи за безбедност и здравје при работа.

**Член 34**

(1) Право и обврска на секој вработен е да се грижи за сопствената безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на другите лица кои работат со него и лицата кои се засегнати од неговите активности.

(2) Право и обврска на секој вработен е да дава предлози, мислења и забелешки за безбедноста и здравјето при работа на стручното лице и овластената здравствена установа.

(3) Вработениот мора веднаш да го извести својот работодавец преку претставникот, усно или во писмена форма, за секој недостаток, опасност по безбедноста и здравјето или за друг инцидент со кој може да се загрози неговата безбедност и здравје и безбедноста и здравјето на другите вработени.

### Член 35

Сите вработени имаат право на колективно осигурување од несреќен случај и осигурување од професионална одговорност преку АКН.

## VI. Плата, надоместоци, други надоместоци и додатоци на плата

### Плата

### Член 36

(1) Вработените во АКН за својата работа имаат право на плата согласно со Законот за административни службеници, Законот за работните односи, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за катастар на недвижности, другите посебни закони, општите прописи за работни односи и согласно со овој колективен договор.

(2) Административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со Законот за административни службеници и Законот за катастар на недвижности, освен ако со посебен закон и со овој колективен договор не е поинаку утврдено.

(3) Платите и надоместоците на плати за вработените се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и од буџетот на АКН.

(4) Платите на вработените се пресметуваат во бруто износ, а се исплатуваат во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.

(5) Придонесите и персоналниот данок од доход на вработените ги плаќа АКН со исплата на платата во согласност со законот. АКН е должна да води евиденција на платите, додатоците на платите, надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персонален данок од доход и за нив на вработените им издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, а за претходната година.

(6) Платата на вработените во АКН кои вршат технички и помошни работи со полно работно време и нормален учинок, не може да биде пониска од утврдената минимална плата во Република Северна Македонија.

### Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа

### Член 37

(1) Вработениот има право на додаток на плата по час за:
- Ноќна работа....................................................35 %;
- Работа во смени..............................................5 %;
- Прекувремена работа.................................35 %;

- Работа во ден од неделен одмор..........35 %;
- Работа во ден на државен празник....50 %.

(2) Додатоците меѓу себе не се исклучуваат.

(3) По исклучок, односно поединечно барање на работникот, работодавецот е должен на работникот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови, зголемени согласно со претходниот став од овој член.

**Други надоместоци на плата**

Член 38

(1) Вработениот има право на надоместување на трошоците поврзани со работата, како и други надоместоци, согласно со Законот за административни службеници, општите прописи за работните односи и со овој колективен договор, и тоа за:
- патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјава и во странство;
- трошоци за користење сопствено возило за службени цели;
- трошоци за одвоен живот од семејството;
- селидбени трошоци;
- трошоци за работа на терен;
- трошоци за погреб во случај на смрт на административен службеник и друг вработен или член на неговото семејство (брачен другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување);
- штета при елементарни непогоди;
- трошок при подолго боледување на административниот службеник и друг вработен.

(2) Начинот на исплата и висината на надоместоците од ставот (1) на овој член за секоја година се утврдуваат согласно со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Јубилејна награда**

Член 39

(1) На вработениот во АКН кој е член на Синдикатот на УПОЗ при АКН, за работа кај ист работодавец му следува јубилејна награда во висина од:
- за 10 години работен стаж - 10.000,00 ден.;
- за 20 години работен стаж - 20.000,00 ден.;
- за 30 години работен стаж - 30.000,00 ден.;
- за 35 години работен стаж - 35.000,00 ден.;

(2) Исплатата на јубилејната награда од ставот (1) на овој член се врши од средства на АКН од сопствени приходи, а се предвидени во буџетот.

## Отпремнина за заминување во пензија

### Член 40

Во случај на заминување на вработениот во пензија му се исплатува двократен износ за отпремнина пресметан врз основа на просечната месечна нето-плата по вработен во Републиката, објавена до денот на исплатата.

## Регрес за годишен одмор

### Член 41

(1) Работникот има право на регрес на годишен одмор, во висина и начин, утврдени согласно со Законот за извршување на буџет на Република Северна Македонија под услов работникот да е пријавен и да работел најмалку 6 месеци во календарската година во АКН и да не зел регрес во претходната установа.

(2) Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на годината најдоцна до 15 јули во тековната година.

## Надоместок во случај на елементарни непогоди

### Член 42

Работодавецот може да му исплати на работникот надоместок од 2 (две) просечни месечни нето-плати во случај на потешки последици од елементарни непогоди, во висина и начин утврдени согласно со Законот за извршување на буџет на Република Северна Македонија.

## Плата за време на привремена неспособност за работа

### Член 43

(1) Ако кај вработениот настапи привремена неспособност за работа, има право на надоместок на плата во висина утврдена согласно со закон.

(2) Висината на надоместокот од ставот 1 на овој член за секоја година се утврдува со одлуката за извршување на Буџетот на Владата на Република Северна Македонија.

## Плата за време на суспензија

### Член 44

(1) Административниот службеник кој е суспендиран врз основа на решение од директорот на АКН, за времетраењето на суспензијата има право на плата во износ од 60 % од платата што ја примил за последниот месец пред донесувањето на решението за суспензија.

(2) Вработениот кој врши помошно-технички работи, а е суспендиран врз основа на писмен налог од директорот на АКН, за времетраењето на суспензијата има право на плата во висина од 50 % од платата што ја примил претходниот месец до донесувањето на одлуката за отказ на договорот за вработување.

## Плата за време на штрајк

### Член 45

За време на штрајк, вработениот има право на плата во висина од 60 % од платата што ја примил претходниот месец.

## Плата на другите вработени во Агенцијата за катастар на недвижности

### Член 46

Основната плата на вработените во АКН кои вршат помошно-технички работи се определува врз основа на барањата на работното место (видот, сложеноста, обемот и одговорноста за работите на работното место, стручната подготовка, стекнатите знаења и вештини) на кои вработениот работи согласно со договорот за вработување, а утврдување на вредноста на бодовите за платите ќе се уредат со подзаконски акти од страна на Агенцијата.

### Член 47

Најниската плата според овој колективен договор не смее да биде пониска од минималната плата на ниво на РСМ утврдена со закон.

## VII. Материјална одговорност на помошно-техничките лица

Член 48

(1) Помошно-техничкото лице во АКН е должно навремено, дисциплинирано и квалитетно да ги извршува работите и задачите на неговото работно место, во духот на деловниот морал, правилата на службата и стручната и професионална одговорност, да ги чува средствата за работа и со нив одговорно да ракува и да ги користи.

Член 49

Помошно-техничкото лице кое по своја вина (намерно или од небрежност) предизвика штета на АКН при работата и во врска со работата, должно е штетата да ја надомести.

Член 50

(1) Доколку помошно-техничкото лице направи материјална штета на АКН при процесот на работата, намерно или поради крајно неодговорно однесување, а висината на штетата не може да се утврди или пак нејзиното утврдување би предизвикало несразмерно високи трошоци, надоместокот на штетата се утврдува во паушален износ.

(2) Паушалниот износ од став (1) на овој член го утврдува комисија што ја формира директорот на АКН, за секој конкретен случај.

Член 51

(1) Ако штетата ја предизвикале повеќе помошно-технички лица, секој е одговорен за делот од штетата што ја предизвикал.

(2) Ако за секое помошно-техничко лице поединечно не може да се утврди делот на штетата што ја предизвикал, се смета дека сите се подеднакво одговорни и штетата ја надоместуваат во еднакви делови.

(3) Ако повеќе помошно-технички лица предизвикале штета со намерно казниво дејство, за штетата одговараат солидарно.

Член 52

(1) Помошно-техничкото лице кое дознало на кој било начин за постоење на штета предизвикана на работа, односно во врска со работата, должно е за тоа веднаш да го извести непосредно претпоставениот раководител.

(2) Непосредно претпоставениот раководител е должен да спроведе претходна постапка за утврдување на штетата во рок од три дена од денот на дознавањето и да состави записник.

(3) При спроведувањето на претходната постапка непосредно претпоставениот раководител треба да изврши сослушување на вработениот кој го пријавил постоењето на штетата и за тоа да изготви записник.

(4) При спроведувањето на претходната постапка непосредно претпоставениот раководител може да сослушува сведоци и да спроведува други дејства кои не трпат одлагање, а се од битно значење за утврдување на одговорноста за предизвиканата штета.

Член 53

(1) По спроведената претходна постапка од член 52 на овој колективен договор, непосредно претпоставениот раководител поднесува пријава до директорот на АКН за поведување постапка за утврдување одговорност/надомест за предизвикана штета.

(2) Пријавата од став (1) на овој член содржи податоци за:

- видот на предизвиканата штета (назив на уништениот, оштетениот или исчезнатиот предмет);
- висина на предизвиканата штета и начин на утврдување на штетата;
- време и место на сторување на штетата;
- датум на дознавање за предизвиканата штета;
- начин на кој е предизвикана штетата (опис);
- податоци за лицето/лицата за кои постои основано сомнение дека ја предизвикале штетата (име и презиме, работно место, број на лична карта, матичен број, адреса и место на живеење и сл.);
- име и презиме на лицето кое непосредно било задолжено со уништениот, оштетениот или исчезнатиот предмет, а доколку никој не бил задолжен, се наведува името и презимето на организацискиот облик во кој настанала штетата;
- други податоци, факти и списи кои се од значење за утврдување на одговорноста за предизвиканата штета.

Член 54

Директорот по дознавањето или пријавувањето на штетата од непосредно претпоставениот раководител, со решение формира комисија од три члена и нивни заменици за спроведување постапка за утврдување одговорност/надомест за предизвикана штета (во натамошниот текст: Комисија).

Член 55

Ако во постапката за утврдување на одговорноста не може да се утврди идентитетот на сторителот, ќе се поведе постапка пред надлежен орган против непознат сторител за настанатата штета.

Член 56

(1) Комисијата е должна да ја спроведе постапката за утврдување одговорност/надомест за предизвикана штета во рок не подолг од 60 дена сметано од денот на донесувањето на решението за формирање комисија.

(2) Во постапката за утврдување на одговорноста, Комисијата е должна да ги преземе следните дејства:

- да го сослуша лицето против кого е поведена постапка;
- да ги прибави сите докази кои се од значење за утврдување на одговорноста;
- да спроведе дејства кои не трпат одлагање, а се од значење за утврдување на одговорноста; и
- други потребни дејства.

(3) Заради утврдување на висината на предизвиканата штета, Комисијата може да одреди и вештачење, првенствено од стручни лица во АКН, а по потреба може да ангажира и стручни лица надвор од АКН.

Член 57

(1) По спроведената постапка за утврдување одговорност/надомест за предизвикана штета, Комисијата изработува писмен извештај за фактите, околностите и доказите утврдени во текот на постапката, изработува предлог за надомест на штетата или предлог за запирање на постапката и заедно со сите списи кон предметот го доставува до директорот.

(2) Доколку во текот на постапката за утврдување одговорност/надомест за предизвикана штета, Комисијата утврди дека штетата ја предизвикале повеќе помошно-технички лица или кај пријавеното помошно-техничко лице не постои вина за предизвиканата штета, но постои вина кај друг помошно-техничко лице, должна е писмено да го извести директорот за утврдената состојба, со нов предлог да поведе постапка за утврдување одговорност и против другите помошно-технички лица, односно да се запре постапката против пријавеното помошно-техничко лице, а да се поведе постапка против помошно-техничкото лице за кое постои основано сомнение дека ја предизвикало штетата.

Член 58

Директорот, на предлог од Комисијата, со решение ќе ја запре постапката ако:

- се утврди дека нема штета или нема одговорност на пријавениот за штетата;
- по преземањето на сите мерки, сторителот остане непознат; и

- помошно-техничкото лице кое ја предизвикало штетата умре, а нема имот од кој штетата би можела да се надомести.

## Член 59

Во случај кога износот на предизвиканата штета неспорно може да се утврди врз основа на доказ од службената евиденција што ја води надлежната организациска единица на АКН или ако помошно-техничкото лице се согласува да ја надомести, директорот непосредно донесува решение по барањето за надомест на штетата.

## Член 60

(1) Против решението за надомест на штета, помошно-техничкото лице има право на приговор до директорот на АКН, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(2) Ако помошно-техничкото лице не ја надомести штетата по конечноста на решението, АКН може да поведе постапка пред надлежен суд.

## Член 61

(1) Директорот може целосно или делумно да го ослободи помошно-техничкото лице од надоместување на штетата, во случај ако:

- штетата не е сторена со умисла;
- помошно-техничкото лице според својата општа имотна состојба не е во можност да ја надомести штетата без последици за своето нужно издржување, како и за своето семејство;
- штетата ја сторил за да го заштити својот живот и здравје, како и животот и здравјето на другите работници и граѓани; и
- штетата ја сторил за да го заштити имотот на АКН.

(2) За ослободувањето од надоместување на штетата од став (1) на овој член, директорот донесува решение врз основа на посебно барање на помошно-техничкото лице поткрепено со докази за неговата имотна и социјална состојба и на претходно добиено мислење од Синдикатот.

(3) Доколку директорот од доставените докази оцени дека е неосновано барањето од став (2) на овој член поднесено од помошно-техничкото лице, истото ќе го одбие со решение.

## Член 62

(1) Ако помошно-техничкото лице претрпи штета на работа или во врска со работата, АКН е должна да му ја надомести штетата од средствата на АКН.

(2) За надомест на штетата во смисла на став (1) на овој член, директорот одлучува според општите правила на одговорност за надомест на штета.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ
СКОПЈЕ

Член 63

Ако помошно-техничко лице на работа или во врска со работата намерно или од крајно невнимание му предизвика штета на трето лице, АКН е должна на тоа лице да му ја надомести штетата, а помошно-техничкото лице е должно да ја надомести штетата на АКН.

Член 64

(1) Постапката за утврдување материјална одговорност не може да се поведе ако поминале 30 дена од денот кога непосредниот раководител, односно директорот, дознал за тоа, освен кога постапката се поведува по наод на внатрешна ревизија, при што рокот на застареност е 1 (една) година.

(2) Постапката за утврдување материјална одговорност не може да се поведе ако поминала 1 (една) година од денот кога е сторена материјалната штета.

## VIII. Престанување на важноста на договорот за вработување на помошно-техничките лица

### VIII.1. Начини на престанување на важност на договорот за вработување

Член 65

(1) Договорот за вработување на помошно-техничкото лице во АКН престанува да важи:

- со изминување на времето за коешто бил склучен;
- со смрт на вработениот;
- со спогодбено раскинување;
- со отказ од вработениот;
- со отказ од АКН;
- со судска пресуда;
- со отказ од деловни причини;
- со отказ ако со правосилна одлука му е забрането да врши определени работи од работен однос или ако му е изречена воспитна, заштитна или безбедносна мерка поради која не може да врши работи подолго од шест месеци со денот на применување на таа мерка, како и со отказ ако поради издржување затворска казна ќе мора да биде отсутен од работа повеќе од шест месеци, со денот на стапување на издржување на казната затвор;
- поради губење на работната способност со денот на доставувањето

на правосилното решение за утврдување на изгубената работна способност;

- со исполнување на условите за пензија согласно со закон;
- во други случаи утврдени со закон.

(2) При престанување на работниот однос, АКН е должна најдоцна во рок од три дена да му ги врати на помошно-техничкото лице сите негови оригинални документи и да му издаде потврда за видот на работата што ја вршел, а во која не смее да наведе ништо што би му го отежнало на помошно-техничкото лице склучувањето на нов договор за вработување.

**Член 66**

Пред откажување на договорот за вработување поради вина на работникот, АКН треба писмено да го предупреди работникот за неисполнувањето на обврските и можноста за отказ во случај на натамошно кршење на истите.

**Член 67**

Помошно-техничкото лице на кое му престанало работниот однос во АКН, должно е да ја врати опремата со кое е задолжено и да ги подмири паричните и другите обврски што ги има спрема АКН.

## VIII.2. Откажување на договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски со отказен рок

Член 68

АКН може да му го откаже договорот за вработување на помошно-техничкото лице поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, со овој колективен договор и со договорот за вработување со отказен рок, особено ако:

- не ги почитува работниот ред и дисциплина според правилата пропишани од страна на АКН;
- не ги извршува или несовесно и ненавремено ги извршува работните обврски;
- не се придржува кон прописите што важат за вршење на работите на работното место;